ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

**31.12.2024-Вторник**

## НАСТАНИ




### Новогодишен дочек на Градскиот плоштад

Општина Гевгелија и годинава подготви богата музичко-забавна програма за дочекот на Новата година. Граѓаните ќе имаат можност, на Градскиот плоштад во Гевгелија, заеднички да ја испратат 2024 година и да ја дочекаат 2025 година со: концерт на Ефто Пупиновски и „Милениум бенд“, „Либра бенд“, „Европорта Фест“ во организација на Здружението „Внимание“- Гевгелија на кој ќе настапат млади музички таленти од општина Гевгелија со изведба на домашна и странска музика и настапот на Ѓорге Митров. Помеѓу настапите на музичките изведби, за изнудување смеа кај присутните на новогодишната забава, е задолжен гевгелискиот stand-up комичар, Дејан Малзарков, со неговото шоу „Диверзија“. Водител ќе биде Никола Опров. Новогодишната културно-забавна програма започнува во 20:00 часот.

„Гевгелија заслужува да биде урбано место со богата музичка содржина преку целата година. Водејќи се од тоа дека традицијата треба да се негува, граѓаните ќе имаат можност заеднички да ја дочекаат Новата 2025 година на Градскиот плоштад во Гевгелија“- истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Поканувајќи ги своите сограѓани: „Да ја дочекаме заедно Новата 2025 година.“

## ИНФОРМАЦИИ




**731.302.538 денари изнесува Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година**

Вкупниот износ на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година е проектиран на 731.302.538 денари. Имено, Буџетот на Општина Гевгелија ги содржи вкупните приходи 2025 година и тоа: даночните приходи што учествуваат со 117.200.00 денари или 13.82%, неданочните приходи со 26.152.200 денари или 3,58%, капитални приходи или 3,86% и трансфери и донации  со 502.682.701 денар или 68,74%.

Капиталните расходи во вкупниот Буџет на Општина Гевгелија учествуваат со 153.521.721 денар или 21,00%, додека во Основниот буџет што изнесува 353.632.321 денар, капиталните расходи учествуваат со 41.19% или 145.659.321 денар. Во капиталните расходи спаѓа финансирањето на: купување опрема и машини, изградба на градежни објекти, изградба и реконструкција на локални патишта и улици, изградба и реконструкција на системи за водоснабдување, изградба на паркови и зеленило итн. Со што, со процентот на капитални расходи во вкупната проекција на Општинскиот буџет за 2025 година е задржана развојната компонента на општината. Ваквата финансиска рамка за наредната година, со мнозинство гласови, ја усвои Советот на Општина Гевгелија на својата 55. седница.

Во своето излагање на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, даде осврт на проектите и активностите што ќе се реализираат во претстојната година, а се од суштествено значење за подобрување на условите за живот на граѓаните од општина Гевгелија.

- Во Основниот буџет за идната година, кој е зголемен во споредба со минатите години, влегуваат грантовите добиени од Министествата и Владата на РМ. Споредено со претходните години, во однос на расходната страна, за идната година се предвидени плус 6.000.000 денари за изборни активности. Но, зголемување имаме и кај капиталните расходи, односно 41% или околу 142.000.000, како резултат на средствата добиени од Владата.

**31.12.2024-Вторник**

Тука спаѓаат поголем дел од проектите што ќе се реализираат во 2025 година, дел со сопствени средства, грантови и кофинансирање или со нови средства од новиот повик од Владата- истакна градоначалникот на општина Гевгелија. Притоа, нагласи дека приоритетна ќе биде реализацијата на капиталните проекти.

- Значи, во 2025 година предвидено е завршувања и пуштање во сообраќај на заобиколницата - продолжувањето на Западниот булевар, предавање во употреба на доградбата на Детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија и на спортската сала на ДТВ „Партизан“, како и на Атлетската патека во СРЦ „Касарна“. Во Урбан блок 4.4 во Гевгелија ќе се изгради водовод и канализација со доделениот грант, а со сопствени средства ќе бидат асфалтирани улиците. Идната година започнува реставрацијата и реконструкцијата на Старата чаршија, изградбата на брзодинамичен кружен тек со изградба на мост и дислокација на каналот „Рауљ“ на влезот од градот, како и реконструкција на натпатникот над железничката пруга со нови коловозни ленти, тротоари и ограда. Во 2025 година ќе започне и реконструкцијата на главната гевгелиска улица „Маршал Тито“ со зачувување на автентичноста, а предвидена е изградба на новопланираната улица во УБ 5 - „Касарна“, асфалтирање на улицата „Ѓоко Тутушев“ и реконструкција на улицата „Браќа Миладинови, но и реконструкција на главната улица и партерно уредување на центарот во Богородица, партерно уредување на центарот на Моин, реконструкција на влезната улица во Прдејци, на улици и краци во: Миравци, Мрзенци, Ума, Смоквица, Конско и Смрдлива Вода. За подобрување на комуналната инфраструктура ќе биде изградена атмосферска канализација на улицата „Гоце Делчев“ и во Милетково.

По барање на граѓаните, значително ќе бидат зголемени и уредени зелените површини со изградба на нов парк „Железничка “ и ново детско катче во Гевгелија, како и нови паркови во Миравци и Негорци, партерно уредување и нова опрема кај улиците „Илинденска“, „Коле Неделковски“ и комплексот „Сава Михајлов“. Исто така, претстои и целосна реконструкција на старото и историски значајно училиште во Серменин.



Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

Идната година продолжува акцијата за проширување и обнова на спортската инфраструктура со реконструкција на спортското игралиште „Елена Костадинова“ во населбата Серменинска, нов спортски терен во дворот на СОУ„Јосиф Јосифовски“, модерна подлога во спортската сала на ООУ „Владо Кантарџиев“, на фудбалското и кошаркарското игралиште во Миравци, нов спортски терен во училишниот двор во Мрзенци и нови детски игралишта во Кованец и во Смоквица.

Општина Гевгелија продолжува со поттикнување и финансиска поддршка на  активностите на младите, подобрување на квалитетот на социјалните услуги, културните и спортските проекти и манифестации, активностифе на месните заедници, невладините организации и здруженија на граѓани. Така, во Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година се предвидени средства за бесплатен оброк за ученици од социјално-ранливите категории, собвенции за набавка на велосипеди, стипендирање на суденти на медицина, бесплатни логопедски третман и на курсеви за тапани, гитара, ликовна и драмска секција. Утврдената буџетска рамка овозможува Општина Гевгелија и во идната година да продолжи со исто темпо на реализација за да биде урбана, модерна и општина со висок степен на развој- вели градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

ГЕВГЕЛИЈА




ISO 9001
Q-1441

**31.12.2024-Вторник**



## Новогодишни пакетчиња и подароци од Општина Гевгелија за децата во социјален ризик

И годинава, Општина Гевгелија обезбеди новогодишни пакетчиња за децата чии семејства се во социјален ризик. Пред Новата година, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, традиционално и во присуство на Дедо Мраз им ги подели пакетчињата на децата, во Народниот театар. Притоа, Општина Гевгелија обезбеди  новогодишни пакетчиња и подароци и за лицата со попреченост. Градоначалникот Сарамандов, заедно со претставници на општинската администрација, традиционално ги посети  Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија и Центарот за лица со попреченост Национална алијанса „Мајка Тереза“- Гевгелија и на штитениците им ги подели пакетчињата и подароците во пресрет на Новата година.

- Последните моменти од 2024 година се прекрасна можност за дружење
со најмалите. Дел од работно време го посветив за делење пакетчиња и подароци во пресрет на новогодишните и божиќните празници. Радоста на децата е непроценливо богатство. Секогаш ми е задоволство да се дружам со нашите драги пријатели од дневните центри во Гевгелија. Нивната позитивна и неисцрпна енергија ни дава дополнителна енергија за преостанатите работни обврски- истакна Сарамандов, сумирајќи ги впечатоците од предновогодишната работна агенда.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**31.12.2024-Вторник**



## Со голема радост и во прекрасна атмосфера дочекан Дедо Мраз во Гевгелија

И годинава, Дедо Мраз ги израдува дечињата од Гевгелија. Со поворка низ градот и на украсен камионет, новогодишниот идол на сите дечиња пристигна на Градскиот плоштад. Во весела и прекрасна атмосфера, мина традиционалната манифестација „Дочек на Дедо Мраз“, во организација на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија. Дружењето со Дедо Мраз беше збогатено со изведба на песничките од Детскиот фестивал „Калинка“, како и настапи на Танцовото студио „Мистик“ од Гевгелија.

Претходно, како дел од дводневната новогодишна програма за којашто се погрижија ЈОУ Пионерски дом и Дом на култура- Гевгелија, беа и двете изведби на театарската претстава „Енгеле бенгеле“ на Драмската секција. Катица Џишева Дупарова го постави на сцена драмскиот текст на професорот по Македонски јазик и литература, Тони Аврамов, а чијашто изведба предизвика голема радост кај дечињата преку фантастичната глума на членовите на Драмската секција и толкување на ликовите: Жарче Оџачарче, Трапчо, Вештерката Летка, Сезнајко, Зорка Брзозборка и двете кукли.

**31.12.2024-Вторник**



## Заокружена успешната работа во 2024 година на Танцовото студио "Мистик" со освоени три први места на натпреварот во Ниш

Танцовото студио „Мистик“ од Гевгелија ја заокружи својата успешна работа во 2024 година со освоени уште 3 високи награди. „Мистик“ го освои подиумот во Ниш, во конкуренција од 1.148 учесника, на Меѓународниот танцов натпревар “Balkan Dance Unity”. Имено, со три златни пехари и медали се закитија јуниорите натпреварувајќи се во категоријата хипхоп формација и сениорите во категориите стрит и 2 стрит-шоу формација.

„Програмата по денс фитнес се состои од тренинг што користи чекори и движења од различни стилови, првенствено латино и урбани танци. За оваа пригода составивме триминутна кореографија на основа на урбани танци како би се вклопиле во категоријата стрит денс шоу. Групата беше високо мотивирана за овој проект и резултатот дојде последователно на секојдневните интензивни подготовки“- истакна кореографот и тренер Александар Аврамов.